**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**Уп 1 број : 22-287/10**
**30.09.2025 год.**
**Кочани**

Врз основа на член 122, член 123 став 1 и член 127 став 2 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15 и 39/16), в.д. Градоначалникот на Општина Кочани, постапувајќи по Барањето на **РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ КОЧАНИ** адреса: ул. „Тодосија Паунов" бр. 2 2300 Кочани за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 – 287/1 од 14.04.2025 год. донесува:

**РЕШЕНИЕ**
***за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола***

**1. СЕ УСВОЈУВА** барањето на **РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ КОЧАНИ**, Кочани адреса: ул. „Тодосија Паунов" бр. 2 2300 Кочани, за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 – 287/1 од 14.04.2025 година.

**2. СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола на **РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ КОЧАНИ,** адреса: ул. „Тодосија Паунов" бр. 2 2300 Кочани за инсталација со примарна дејност:

Категорија 2.4

Инсталација за површинска обработка на метал и на пластични материјали со електролитски или со хемиски процеси доколку волуменот на процесните резервоари е со капацитет од 5 до 30 м$^3$, волуменот на процесните резервоари за површинска заштита на метали е со капацитет од 24 м$^3$.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот, оператор на инсталацијата, **РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ КОЧАНИ** адреса: ул. „Тодосија Паунов" бр. 2, до в.д. Градоначалникот на Општина Кочани поднесе Барање под број УП1 бр. 22-287/1 од 14.04.2025 год. за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, за инсталација со примарна дејност - Инсталација за површинска обработка на метал и на пластични материјали со електролитски или со хемиски процеси доколку волуменот на процесните резервоари е со капацитет од 5 до 30 м$^3$, волуменот на процесните резервоари за површинска заштита на метали е со капацитет од 24 м$^3$.

Во предметното Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола се содржани податоци и опис на инсталацијата и нејзините технички активности, податоци за суровините, отпадот, емисиите, мониторингот, табеларни прикази и прилози, врз основа на што се димензионирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина и усогласени се активностите со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина.

По доставеното комплетно Барање, извршен е увид на инсталацијата од страна на општина Кочани надлежна за работите од областа на животна средина, заради утврдување на усогласеноста на проектната документација со фактичката состојба.

Бидејќи операторот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, Градоначалникот на Општина Кочани одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до Министерот за животна средина и просторно планирање.

Жалбата се таксира со уплата на 250,00 денари на трезорска сметка на НБРМ бр. 100000000063095,
упл.с/ка 840-136-03182,
цел на дознака Административни Такси, прих. шифра 722 315 00

*Доставено до:*

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Овластен инспектор за животна средина
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Кочани, 30.09.2025 година
(населено место) (ден и месец)

**Изработил,**
**Љ/С**

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**по овластување на в.д. Градоначалникот**
**Бр. 08-8/12 од 16.04.2025 год.**
**Раководител на сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи**

**Дивна Цековска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ